# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 01 06.02.2025, четврток

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**


**Градоначалник на Општина Валандово:**

1. **Решение** за констатирање престанок на мандат на вршител на должноста Директор на Јавната општинска установа Дом на културата „25 Мај” Валандово.................. 3
2. **Решение** за именување на вршител на должноста Директор на Јавната општинска установа Дом на културата „25 Мај” Валандово............................................................... 3
3.**Решение** за констатирање престанок на мандат на вршител на должноста Директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово........................................... 4
4.**Решение** за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово........................................................................... 4
5.**Решение** за именување Директор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово…………………………….. 5

**Совет на Општина Валандово:**

1.**Решение** за објавување на Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово…………… 5
2.**Одлука** за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово……………………………………………………. 5
3.**Решение** за објавување на Одлука за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година……… 6
4.**Одлука** за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година………………………… 6
5.**Решение** за објавување на Одлука за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година………………………… 7
6.**Одлука** за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година…………………………………… 7
7.**Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална семејна куќа во с.Марвинци, Општина Валандово…………........................................................... 8
8.**Одлука** за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална семејна куќа во с.Марвинци, Општина Валандово………………….. 8
9.**Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиска помош на Карате клуб „Армор” Гевгелија за учество на Европско првенство……………………....... 8
10.**Одлука** за одобрување на финансиска помош на Карате клуб „Армор” Гевгелија за учество на Европско првенство..9
11.**Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈОУ Дом на култура „25 мај" Валандово за реализирање на тековни обврски…………... 9
12.**Одлука** за одобрување на финансиски средства на ЈОУ Дом на култура „25 мај" Валандово за реализирање на тековни обврски……………………………....................... 9
13.**Решение** за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово……………….................................................... 9

**14.Одлука** за одобрување на финансиски средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово………………….................. 10
**15.Решение** за објавување на Одлука за давање на согласност за воведување на нова образовна струка и нов образовен профил во СОУ „Гоце Делчев" Валандово…... 10
**16.Одлука** за давање на согласност за воведување на нова образовна струка и нов образовен профил во СОУ „Гоце Делчев" Валандово……………….................................... 10
**17.Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка……….................................................................. 11
**18.Одлука** за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка…………….............................. 11
**19.Решение** за објавување на Одлука за формирање на заедничка комисија……………………….......................... 11
**20.Одлука** за формирање на заедничка комисија……….. 11
**21.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.................................................................................. 12
**22.Заклучок** за усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.................................................................................. 12
**23.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализираната годишна програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2024 година………………………………................................ 12
**24.Заклучок** за усвојување на Извештај за реализираната годишна програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2024 година…................................... 12
**25.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2025 година…….......................................... 13
**26.Заклучок** за усвојување на Програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2025 година…….......................................................................... 13
**27.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2024 година…………................... 13
**28.Заклучок** за усвојување на Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2024 година…..................................................................... 13
**29.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2024 година……………….......................................... 13
**30.Заклучок** за усвојување на Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2024 година……………14
**31.Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година……. 14
**32.Заклучок** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година.......................................................... 14
**33.Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година……. 14
**34.Заклучок** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година…........................................................... 14
**35.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2024 година……………................................................... 15
**36.Заклучок** за усвојување на Извештај за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2024 година………………………......... 15
**37.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година………………………............................. 15
**38.Заклучок** за усвојување на Извештај за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година…….. 15
**39.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2024 година………........................ 16
**40.Заклучок** за усвојување на Информација за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2024 година……….................................................................. 16

Врз основа на член 34 став 3 во врска со член 38 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр.31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА КОНСТАТИРАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДОМ НА КУЛТУРАТА „25-ти МАЈ“-ВАЛАНДОВО**

1. **СЕ КОНСТАТИРА** престанок на мандатот, вршител на должноста Директор на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ – Валандово, на Деан Исиров, по сила на законот, поради истек на времето за кое е именуван.

2. Функцијата вршител на должноста директор на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ – Валандово, Деан Исиров ќе ја врши заклучно со ден 31.12.2024 година.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Деан Исиров, со Решение на Градоначалникот на Општина Валандово бр.04-694/2 од 28.06.2024 година, е именуван за вршител на должноста Директор на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ – Валандово, до избирањето на нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.

Бидејќи извршувањето на должноста е ограничена со определен временски период, се одлучи како во диспозитивот на решението.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Валандово до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Бр.04-1406/1
30.12.2024 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

---

Врз основа на член 34 став 3 во врска со член 38 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр.31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДОМ НА КУЛТУРАТА „25-ти МАЈ“-ВАЛАНДОВО**

1. Деан Исиров, вработен во Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ – Валандово, **се именува** за вршител на должноста директор на Јавната Општинска Установа Дом на културата „25-ти Мај“ - Валандово, сметајќи од 01.01.2025 година.

2. Вршителот на должноста директор од точка 1 на оваа Решение, ќе ги врши работите до изборот на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

3. Решението влегува во сила од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општина Валандово, поради истек на времето за кое е именуван, со Решение бр.04-1406/1 од 30.12.2024 година, констатира престанокот на мандатот на вршителот на должноста директор на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово.

При таква состојба, согласно член 34 од Законот за култура е пропишано дека веднаш се именува вршител на должноста директор, без јавен оглас, од редот на вработените.

Имајќи го тоа во предвид со ова Решение се именува вршител на должноста директор, кој работите ќе ги врши до именувањето на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Валандово до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Бр.04-1406/2
30.12.2024 год.
Валандово

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/2002,40/2003,49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22 ), член 50 став 1 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за констатирање престанок на мандат на вршител на должноста Директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово**

**1.** **СЕ КОНСТАТИРА** престанок на мандатот, вршител на должноста Директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, на Глигорије Џилвиџиев, поради истек на времето за кое е именуван.

**2.** Функцијата вршител на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, Глигорије Џилвиџиев ќе ја врши заклучно со ден 21.01.2025 година.

**3.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Глигорије Џилвиџиев, со Решение на Градоначалникот на Општина Валандово бр.04-781/2 од 19.07.2024 година е именуван за вршител на должноста Директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, до избирањето на нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.

Бидејќи извршувањето на должноста е ограничена со определен временски период, се одлучи како во диспозитивот на решението.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Валандово до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

| | |
|---|---|
| Бр.04-106/1 | Градоначалник |
| 17.01.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 23 став 3 во врска со член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/2002,40/2003,49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22 ), член 50 став 1 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово**

**1.** Глигорије Џилвиџиев **СЕ ИМЕНУВА** за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово, сметајќи од 22.01.2025 година.

**2.** Вршителот на должноста директор од точка 1 на ова Решение, ќе ги врши работите до изборот на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

**3.** Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Валандово“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општина Валандово, поради истек на времето за кое е именуван, со Решение бр.04-106/1 од 17.01.2025 година, има констатирано престанок на мандатот на вршителот на должноста директор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово.

При таква состојба, врз основа на член 23 став 3, во врска со член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија, Градоначалникот на општината, до изборот на нов директор, но не подолго од шест месеци, именува вршител на должноста директор на јавното претпријатие.

Имајќи го тоа во предвид се одлучи како во диспозитивот на оваа Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

| | |
|---|---|
| Бр.04-106/2 | Градоначалник |
| 17.01.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Градоначалникот на Општина Валандово, по предлог на Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово бр.03-387/1 од 24.12.2024 година, врз основа на член 115 став 14 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став 1 точка 9 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување Директор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово**

1. Антонио Дилберов, дипломиран професор по одделенска настава, **СЕ ИМЕНУВА** за директор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово.

2. Мандатот на директоротот трае четири години.

3. Избраниот директор должноста директор на ООУ„Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово, ќе отпочне да ја извршува од 31.01.2025 година.

4. Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

**О б р а з л о ж е н и е**

По спроведена постапка, согласно Законот за основното образование, Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, во пропишаниот законски рок, со допис бр.03-387/2 од 24.12.2024 година, kalinkaзаведено под бр.04-1231/2 од 30.12.2024 година, до Градоначалникот на Општина Валандово, достави Предлог за избор на кандидат за директор за ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово, бр.03-387/1 од 24.12.2024 година.

Ценејќи дека постапката за избор на директор на Основното училиште е спроведена во согласност со Законот, а предложениот кандидат ги исполнува пропишаните услови за директор, Градоначалникот на Општина Валандово одлучи да го именува предложениот кандидат од Училишниот одбор, Антонио Дилберов, за директор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, Валандово

Бидејќи именуваниот директор е актуелен директор на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Јосифово, неговиот мандат како новоименуван директор ќе отпочне по истекот на претходниот мандат, кој му трае до 30.01.2025 година.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Кандидатот кој не е именуван во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, има право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

| | |
|---|---|
| Бр.09-34/1-1231/24 | Градоначалник |
| 02.01.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.01.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-224/3 | Градоначалник |
| 06.02.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

---

Врз основа на член 34 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија” бр. 28/2003, 62/2006, 8/2009, 175/11 и 101/13), член 36 став 1 точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 21 став 1 точка 32, 45 и член 47 став 1 од Статутот на општина Валандово, Советот на општина Валандово на четириесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово, евидентирани во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година.

**Член 2**

Отписот и расходувањето на основните средства, опремата и ситниот инвентар се врши на предлог на Комисијата за вршење на попис на основните средства и ситен инвентар за 2024 година, поради нивна дотраеност или неупотребливост.

**Член 3**

Бројот и видот на отпишаните и расходувани основни средства, опрема и ситен инвентар се утврдува по спецификација, која е составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Отпишувањето и расходувањето на основните средства, опремата и ситниот инвентар ќе го изврши Комисија за вршење на отпис на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово, формирана од Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 5**

Комисијата за вршење на отпис на основни средства, опрема и ситен инвентар, сопственост на Општина Валандово, ќе изврши увид во фактичката состојба на основните средства, опремата и ситниот инвентар кои се предлагаат за отпишување и расходување.

Комисијата врз основа на утврдената фактичка состојба, ќе утврди како да се постапи понатаму со отпишаните и расходуваните основни средства, опрема и ситен инвентар (дали да се отуѓат по пат на продажба, се употребат за друга намена за потребите на општината или се уништат и исфлат на отпад).

За својата работа Комисијата составува Записник и истиот го доставува до Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 6**

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на утврдената вредност на отпишаните основни средства, опрема и ситен инвентар од Буџетот на Општина Валандово и истата ќе ја спроведе Одделението за финансиски прашања и јавни набавки

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-21/3 Совет на Општина Валандово
31.01.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.01.2025 година.

Бр.09-224/4 Градоначалник
06.02.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ" бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на РСМ" бр.151/21), член 5 став 1 од Законот за процена („Службен весник на РМ" бр.115/2010, 158/2011, 185/2011, 64/2012, 188/2014, 104/2015, 153/2015, 192/2015 и 30/2016), член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ" бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 21 став 1 точка 5, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово четириесет и втората редовна седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година.

**Член 2**

Пазарната вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово, се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши процена на земјиштето.

**Член 3**

Просечната цена за утврдување на пазарната вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово, по населени места и зони е следната:

| Населено место | Градежно неизградено земјиште | | Градежно изградено земјиште (дворно место) | |
|---|---|---|---|---|
| | прва зона ден./м$^2$ | втора зона ден./м$^2$ | прва зона ден./м$^2$ | втора зона ден./м$^2$ |
| Валандово | 1.400 | 1.000 | 800 | 600 |
| Пирава | 800 | | 500 | |
| Јосифово | 800 | | 500 | |
| Удово | 800 | | 500 | |
| Раброво | 700 | | 400 | |
| Брајковци | 600 | | 350 | |
| Балинци | 600 | | 350 | |
| Марвинци | 600 | | 350 | |
| Горна Маала | 400 | | 200 | |
| Калково | 400 | | 200 | |
| Чалакли | 400 | | 200 | |
| Градец | 250 | | 130 | |
| Грчиште | 250 | | 130 | |
| Собри | 250 | | 130 | |
| Дедели | 250 | | 130 | |
| Башибос | 250 | | 130 | |
| Казандол | 150 | | 100 | |
| Останати населби | 120 | | 80 | |

**Член 4**

Во случаи кога цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост е повисока од пазарната вредност утврдена согласно со Методологијата за проценка на пазарната вредност, од страна на овластен проценител, даночна основа ќе биде цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост.

**Член 5**

Утврдувањето на пазарната вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште, врз основа на определените просечни цени од табеларниот преглед на оваа Одлука, ја врши овластен проценител.

**Член 6**

Со влегувањето на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово бр.08-15/9 од 31.01.2024 година.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-21/4 Совет на Општина Валандово
31.01.2025 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.01.2025 година.

Бр.09-224/5 Градоначалник
06.02.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21), член 5 став 1 од Законот за процена („Службен весник на РМ“ бр.115/2010, 158/2011, 185/2011, 64/2012, 188/2014, 104/2015, 153/2015, 192/2015 и 30/2016), член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ“ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), член 21 став 1 точка 5, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и втората редовна седница одржана на ден 31.01.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година.

**Член 2**

Пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово, се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши утврдување на данокот на имот.

**Член 3**

При утврдувањето на пазарната вредност на земјоделското земјиште ќе се зема во предвид местоположбата, катастарската култура, класата, опфатеноста со систем за наводнување.

**Член 4**

Врз основа на критериумите од член 2 и член 3 од оваа Одлука, просечната цена која ќе се применува за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата на подрачјето на Општина Валандово, е прикажана во табеларниот преглед кој е прилог на оваа Одлука.

**Член 5**

Во случаи кога цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост е повисока од пазарната вредност утврдена согласно со Методологијата за проценка на пазарната вредност, од страна на овластен проценител, даночна основа ќе биде цената постигната во актот за пренос на правото на сопственост.

**Член 6**

Утврдувањето на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата, врз основа на определените просечни цени од табеларниот преглед на оваа Одлука, ја врши овластен проценител.

**Член 7**

Со влегувањето на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово бр.08-15/10 од 31.01.2024 година.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-21/5 | Совет на Општина Валандово |
| 31.01.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална семејна куќа во с.Марвинци, Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална семејна куќа во с.Марвинци, Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.01.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-224/14 | Градоначалник |
| 06.02.2025 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ сл.весник на РМ.бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.01.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална семејна куќа во с.Марвинци, Општина Валандово**

**Член 1**

Со ова Одлука од Буџетот на Општина Валандово се одобруваат финансиски средства во вкупен износ од 180.000,00 денари со тоа што на Боро Глигоров и Божидар Глигоров од с.Марвинци, Општина Валандово износ од 90.000,00 денари и на Јован Коцевски од Валандово износ од 90.000,00 денари, финансиска помош за санирање на штетите од пожарот што зафати индивидуална семејна куќа во с.Марвинци, Општина Валандово, на ден 02.12.2024 година.

**Член 2**

Средствата за реализација на помошта ќе се исплатат од програма АО Совет на Општина, подставка 464 990 - други трансфери и тоа на име Боро Глигоров со ЕМБГ 0801957463005 на сметка 200001610574315 депонент Стопанска Банка АД Скопје износ од 90.000,00 денари како и на име Јован Коцевски со ЕМБГ 1910957450148 на сметка 200001459699351 депонент Стопанска Банка АД Скопје износ од 90.000,00 денари

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово.

| | |
|---|---|
| Бр.08-21/14 | Совет на Општина Валандово |
| 31.01.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиска помош на Карате клуб „Армор” Гевгелија за учество на Европско првенство**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиска помош на Карате клуб „Армор” Гевгелија за учество на Европско првенство, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и втората редовна седница, одржана на ден 31.01.2025 година.

Бр.09-224/15 Градоначалник
06.02.2025 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на чатириесет и втората редовна седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиска помош на Карате клуб „АРМОР” Гевгелија за учество на Европско првенство**

**Член 1**

